Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 08.05.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2384 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Скопско ехо"

3. **Датум на извршување на надзорот:** 8-ми мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Скопско ехо", постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор беше извршен на 18.04.2017 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-228 од 21.04.2017 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Скопско ехо".

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје ја исполни во целост обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***